РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ОХРИД
СУ.бр. 1/21
09.02.2021 година
О х р и д

Врз основа на член 92 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија", бр.58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 39/12 и 83/18), Претседателот на Основниот суд Охрид, Васил Баткоски, на 09.02.2021 година, ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД ОХРИД
# за 2021 година

## I. ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ ВО 2021 ГОДИНА

Основниот суд Охрид, како самостоен и независен орган на судската власт, основан за подрачјето на Општините Охрид и Дебрца, тргнувајќи од работите и задачите од својата надлежност што произлегуваат од Уставот на Република Северна Македонија, Законот за судовите и Судскиот деловник, заради остварување на судската функција во заштита на правата и основните слободи на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти и реализирање на начелата на законито, навремено, ефикасно и ефективно вршење на функцијата, како и непречено, во разумен рок и економично остварување на правата и обврските на странките, со оваа програма за работа ги поставува следните цели и задачи:

1. Законито, ефикасно, ефективно, експедитивно, одговорно, ажурно, навремено и транспарентно извршување на судиската функција во решавањето на кривичните, прекршочните, парничните, вонпарничните и другите видови на предмети од надлежност на судот;

2. Професионално, стручно, непристрасно и законито постапување во сите видови предмети, со запазување на утврдените рокови во процесните и материјалните прописи и во Судскиот деловник, и тоа при заведувањето, доделувањето и насрочувањето на предметите, постапувањето, одлучувањето, објавувањето и изготвувањето на одлуките, нивното анонимизирање и објавување на ВЕБ-страната на судот и доставување до странките, со целосна примена на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС);

3. Приоритетно постапување по старите и укинатите предмети, со зголемено ангажирање и внимание на судијата и одделот заради неодложно решавање на овие предмети;

4. Максимално искористување на потенцијалот на судијата и неговиот стручен судски службеник, со целосна посветеност при решавањето на предметите да се оствари ориентационата норма решени предмети, утврдена од Судскиот совет на Република Северна Македонија, земајќи ги во предвид бројот, тежината и сложеноста (специфичноста) на предметите, како мерка за

квантитетот, односно обем на работата, притоа водејќи сметка и на квалитетот на нивното решавање;

5. Првенствено земање во работа предмети во кривичната и прекршочната постапка, во кои обвинетото лице е странец, ако е притворено, или се наоѓа на издржување на казна затвор, доколку е отстрането од работа, односно должност, или привремено му е забрането вршење на професија, дејност или должност;

6. Приоритетно земање на предметите во граѓанските постапки во врска со издршките и другите семејни спорови, уредувањето на личните состојби и семејните односи, смеќавањето на посед, работните спорови, споровите за отказ на договор за користење на стан, предлозите за обезбедување докази и предлозите за обезбедување на побарувањата;

7. Неодложно земање во работа и решавање на предметите во кои судската постапка трае подолго време, како и предметите што врз основа на посебни прописи се третираат како итни, поради што истите се земаат во работа веднаш и преку ред;

8. Заведување на предметите според времето на приемот и нивна автоматска распределба на судиите (случаен избор) истиот ден, со отстапување од ова начело во исклучителни ситуации (првенствено земање во работа на итни, или други приоритетни предмети), и тоа само со користење на соодветна информатичка алатка за избор на судија, која обезбедува еднаков број предмети и заштита од злоупотреби при нивното доделување во работа на судиите;

9. Тонско снимање на рочиштата и користење на системот “е-достава”;

10.Постојано стручно усовршување на судиите, како должност и одговорност на судијата, преку внимателно и секојдневно следење на измените и дополнувањето на позитивното законодавство, проучување на судската пракса на повисоките судови и учество во решавањето на спорните правни прашања на седниците на судиите и одделите на судот, учество на семинари, работилници и стручни советувања во земјата и странство, како и посетување на определени часови обука на Академијата за судии и јавни обвинители. Овие активности треба да дадат придонес за достигнување и одржување на стандардот на современо, ажурно и законито судење, со законити и правно засновани судски одлуки, согласно со домашните прописи и нормите и принципите на Европската конвенција за човекови права и основните слободи. За таа цел, а согласно со обезбедените финансиски средства, ќе се овозможи стручно усовршување и за стручните и останатите судски службеници, како и дополнителна стручна литература за континуиран развој на судискиот и другиот стручен кадар, и

11. Афирмирање и развивање на професионалниот однос кон работата од страна на судиите и останатите вработени во судот, градење на добри колегијални односи, постапување во согласност со професионалните стандарди и моралните норми на однесување (Етичкиот кодекс на судиите и Кодексот на етика на вработените во судската служба), како и почитување на дигнитетот на странките и другите учесници во постапките и нивна недискриминација по било која основа, што треба да резултира со зачувување и подигање на угледот на судот, судиската функција и судската служба.

Заради остварување на наведените цели и задачи се предвидува:

а.) Свикување седници на судиите, најмалку еднаш месечно (задолжително во првата декада на секој месец), и тоа по изготвувањето на месечните извештаи за работа на судиите (со прегледите за извршената работа од судските соработници) и на судот, заради разгледување и вреднување на извршената работа, решавање на евентуалните проблеми и договарање на активности за наредниот период;

б.) Одржување на периодични работни состаноци со сите судски службеници, со ставање пресек на сработеното, анализа и критички осврт на извршената работа во одделите, одделенијата и службите и утврдување на мерки и задолженија заради унапредување на работата на судската служба и подобрување на работната дисциплина;

в.) Актуелизирање, следење и воедначување на судската пракса на седниците на кривичниот и граѓанскиот оддел, кои претседателите на одделите се должни да ги свикуваат секогаш кога за тоа има потреба, а најмалку еднаш на 15 дена, во чија работа учествуваат и стручните судски службеници. Во работата на одделите се иницира и одржува конкретна соработка со соодветните оддели на Апелациониот суд Битола;

г.) Задолжително вклучување на сите оддели, одделенија и служби на судот во остварување на оваа програма, при што Претседателот на судот, претседателите на одделите, судиите и раководителот на оддел имаат обврска да го насочуваат, координираат и контролираат извршувањето на програмските задачи, и

д.) Навремено изготвување на месечните и другите периодични сумарни прегледи за движењето на предметите во судот, прегледот на старите-нерешени предмети, евиденциите за работа на судиите и извештаите на работното тело за управување со движењето на предметите во судот, за што се определува заклучување на месечните извештаи во АКМИС во првиот работен ден во следниот месец, во 15:30 часот, при што сумарните прегледи и другите евиденции за односниот месец мануелно се изготвуваат врз основа на податоците од АКМИС и се испраќаат до надлежните органи најдоцна на третиот работен ден во наредниот месец.

## II.ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Во 2021 год. работата на Основен суд Охрид ќе се одвива преку двата оддели, со соодветните одделенија и служби, и тоа:

1. **Кривичен оддел***,* со следниве одделенија:

-Кривично одделение (полнолетни и малолетни сторители на казнени дела);

-Прекршочно одделение,

-Одделение за извршување на санкции, и

-Одделение за претходна постапка

***2.* Граѓански оддел***,* со следниве одделенија:

-Парнично одделение,

-Вонпарнично одделение,
-Одделение за платни налози по приговор и извршување.

**Работите на Судската управа** се извршуваат во следниве одделенија и служби:

-Одделение за финансиско и материјално работење;

-Одделение за информатика;

-Доставна служба;

-Архива;

-Одржување и

-Судска полиција.

## III. РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

### 1. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ:

Судиите што постапуваат во предметите од Кривичниот оддел, и тоа: кривично-полнолетни сторители, прекршочни предмети, замолници и предмети за извршување на санкциите, предметите ги земаат во работа согласно со извршената распределба и се должни по нив да постапуваат согласно со пропишаните рокови во ЗКП, ЗП, ЗИС и Судскиот деловник, како во однос на текот на постапката, така и во однос на донесувањето, објавувањето, изготвувањето, доставувањето, анонимизирањето и објавувањето на одлуките на ВЕБ-страната на судот во законскиот рок. По оспособувањето, користењето на системите за тонско снимање на рочиштата и електронската достава на актите е задолжително. За секое непочитување на роковите предвидени во посочените закони и во Судскиот деловник, судијата е должен веднаш да го извести Претседателот на судот, со наведување на причините за тоа, каква што должност има и доколку настапила релативна или апсолутна застареност на гонењето, или извршувањето на казната (глобата). Одлуките во кривичните и прекршочните предмети задолжително се објавуваат, а со посебно внимание и итност се постапува во предметите постари од една година, укинатите предмети, предметите (кривични и прекршочни) во кои се предлага ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ, предметите во кои се предлага определување на мерката ПРИТВОР, предметите со обвинети странски државјани и предметите за извршување на санкциите.

Судиите, заедно со одговорните судски службеници на овој оддел, БЕЗ ОДЛАГАЊЕ преземаат законски и деловнички мерки заради наплата на паричните казни (глоби), судските такси, паушалниот износ и трошоците на постапката исплатени од средствата на судскиот буџет. Резултатите од нивната наплата се разгледуваат еднаш месечно на седниците на кривичниот оддел.

### 2. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ:

Судиите што постапуваат во предметите на Граѓанскиот оддел: парничните предмети, граѓанските замолници, вонпарнични и оставинските предмети, како и предметите по Законот за извршување, Законот за обезбедување на побарувањата и Законот за семејството, истите ги земаат во работа врз основа на извршената распределба и во нив постапуваат согласно

со ЗПП, ЗВП, Законот за обезбедување на побарувањата, Законот за семејството, ЗИ и Судскиот деловник, како во однос на водењето и текот на постапката, така и во однос на донесувањето, објавувањето, изготвувањето, доставувањето, анонимизирањето и објавувањето на одлуките на ВЕБ-страната на судот во законскиот рок. За непочитувањето на роковите предвидени во наведените закони и во Судскиот деловник, судијата е должен веднаш да го извести Претседателот на судот, со изнесување на причините за тоа.

Судиите што постапуваат во парничните предмети се обврзани доследно да го применуваат ЗПП, да ги користат системите за тонско снимање на рочиштата и електронска достава на актите, а одлуките да ги донесуваат и објавуваат по завршувањето на главната расправа. Нивна должност е со посебно внимание да постапуваат со предметите постари од една година и со укинатите предмети.

Судиите, заедно со одговорните службеници на овој оддел, БЕЗ ОДЛАГАЊЕ ги преземаат законските и деловнички мерки за наплата на судските такси, изречените парични казни согласно со ЗПП и досудените трошоци во постапката на Државниот правобранител. Резултатите од нивната наплата се разгледуваат еднаш месечно на седниците на граѓанскиот оддел.

Земајќи го во предвид бројот на судиите, бројот на стручните судски службеници и бројот на нерешените предмети од сите видови во работа на судот, како и безрезервната определеност за апсолутна ажурност, заснована на објективната можност судот и во 2021 година да биде апсолутно ажурен суд, судиите во претстојната година имаат обврска, покрај исполнувањето на утврдената норма решени предмети, да посветат внимание и на квалитетот во пресудувањето.

## IV. ЗАВРШНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Основниот суд Охрид , од систематизираните 18 судиски места оваа година ја започнува со 15 (петнаесет) судии, вклучувајќи го и претседателот на судот, а еден од судиите работи со пола работно време.

Во судот е карактеристичен и дефицитот од раководен, стручен и помошно-стручен кадар во делот на судската служба. Со завршувањето на 2020 година судот остана со вкупно 5 непополнети работни места во категоријата на раководни судски службеници и тоа самостоен судски советник, раководител на судска служба, раководители на граѓански и кривичен оддел и раководител на одделение за материјално и финансиско работење, вкупно 19 непополнети и упразнети место во категоријата на стручни судски службеници и тоа Виш судски советник - 2 извршители, судски советник – 3, советник – информатичар- 1 извршител, виш судски соработник – 4 извршители, судски соработник – 5 извршители, соработник , преведуваш – 1 извршител, соработник во одделение за информатика – 1 извршител, помлад судски соработник- 1 извршители и помлад соработник – 1 извршител, вкупно 34 упразнети и непополнати работни места во категоријата на помошно-стручни судски службеници и тоа Самостоен судски референт – технички секретар на претседателот на судот – 1 извршител, Самостоен судски референт – технички секретар на судскиот администратор- 1 извршител, Самостоен судски референт , водител на писарница – 5 извршители, Самостоен судски референт за прием и експедиција на пошта – 1 извршител, Виш судски референт извршител во писарница – 7 извршители , Виш судски референт, архивар – 1 извршител, Судски референт за прием и експедиција на пошта – 1 извршител , Судски референт, дактилограф – 6 извршители, судски референт извршител во писарница – 2 извршители, референт за техничко одржување на возниот парк и управување со возила – 1 извршител, помлад судски референт извршител во

писарница – 3 извршители, помлад судски референт доставувач – 4 извршители, помлад референт внатрешен доставувач – 1 извршител, како и 1-едно работно место припадник на судска полиција, 1 командир на судска полиција и 1 заменик командир на судска полиција, со што раководниот и административно-технички капацитет на судот е сведен на критично ниво. За да се ублажат последиците од овој недостаток, беа нужни соодветни распоредувања и прераспоредувања на судиите, односно судските службеници, со што се очекува да се одржи нормалното ниво на извршување на работите во судската писарница и предвидливо одвивање на работните процеси. Меѓутоа, за подобра организација, поквалитено и поажурно вршење на работите и задачите е неопходно потребно пополнување на упразнетите и непополнети работни места во судот и неговата писарница, како и на одреден број работници од другите профили (технички секретари, референт за прием и експедиција на пошта,оператор на телефонска централа и уште еден информатичар), за што во првиот квартал на оваа година ќе се бара согласност за вработување од Министерството за финансии, преку Судскиот буџетски совет.

Поради наведеното, за да може Основниот суд Охрид уредно, навремено, експедитивно и ефикасно да ги реализира целите и задачите на оваа програма и во иднина успешно да ги извршува работите и задачите од својата надлежност е потребно зајакнувње на неговиот раководен, стручен и административно-технички капацитет, преку нови вработувања. Доколку во 2021 година се пополнат упразнетите судиски места и одобри вработување на нов кадар, Основен суд Охрид ќе биде подготвен со успех да одговори на актуелните барања и предизвици во работата, имајќи ги во предвид досегашните добри резултати со постоечкиот судиски, раководен, стручен и административно-технички потенцијал и задоволителното ниво во користењето на АКМИС. Затоа, а во правец на реализација на оваа програма, во тековната 2021 год. од приоритетно значење ќе биде подобрувањето на судските капацитети, со кадровско, организационо и техничко-технолошко зајакнување на Основен суд Охрид.

Со оглед на изнесеното, реализацијата на оваа програма претставува обврска на Претседателот на судот и судиите, Судскиот администратор, стручните и административно-технички службеници, како и на останатите вработени во судската служба, во рамките на нивните овластувања и одговорности, односно работи и работни задачи.

Во горенаведената смисла, со целите, задачите и насоките за работа, односно со содржината на програмата е нужно да се запознае судискиот состав на судот и сите негови вработени, за истата да биде целосно акцептирана и извршувана. Доколку во реализацијата на определени нејзини делови се појават нејаснотии и потешкотии, за нивно разјаснување и надминување ќе се бараат решенија на седниците на судиите и одделите преку меѓусебна соработка, усогласување и помош, со професионален и коректен однос на сите нејзини чинители, како и максимално заедничко ангажирање.

Поради наведеното, со овој акт се запознаваат сите вработени во Основен суд Охрид.

ОСНОВЕН СУД ОХРИД
Претседател,
Васил Батковски

**НАПОМЕНА:**
-Оваа програма да се објави на Веб страната на судот